До Државната комисија за спречување на корупцијата преку контакт формата на web страна на Државната комисија доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го даде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**

Согласно член 49 став (2) од истиот Закон:
„(2) Вработен во јавниот сектор, **може** да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал."

Согласно член 55 став 1 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 104/2000, 30/2001, 48/2001, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 109/2006, 18/2007, 36/2007, 88/2007, 106/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 45/2009, 67/2009, 14/10, 50/10, 156/10, 53/11, 166/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23, 209/23, 144/25, 154/25 и 91/26) со Фондот за здравствено осигурување управува Управен одбор.

Управниот одбор се состои од седум члена кои ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија за време од четири години, и тоа:

- **еден претставник предложен од Министерството за здравство**;
- еден претставник предложен од Министерството за финансии;
- еден претставник предложен од Сојузот на синдикатите на Македонија, по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од Сојузот;
- еден претставник предложен од коморите на стопанствениците во Република Северна Македонија, по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од коморите;
- еден претставник предложен од Лекарската комора на Македонија, Стоматолошката комора на Македонија и Фармацевтската комора на Македонија, по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од коморите;
- еден претставник предложен од Здружението на пензионерите; и
- еден претставник на осигурениците предложен од Здружението на потрошувачите.
-

Управниот одбор има претседател и заменик-претседател од именуваните претставници од Министерството за здравство и Министерството за финансии, кои наизменично, по една година, се менуваат во текот на мандатот.

За членови на Управниот одбор се предлагаат лица кои имаат високо образование и работно искуство од финансиското работење или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување, при што се води сметка за соодветната и правичната застапеност на граѓаните на сите заедници.

Имајќи го предвид статусот на државниот секретар како административен службеник вработен во Министерството за здравство, Државната комисија оценува дека државниот секретар во Министерство **може да биде** член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување, согласно член 49 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, доколку ги исполнува и условите предвидени со член 55 од Законот за здравственото осигурување.

Притоа, дозволеноста на членството во еден управен или надзорен орган согласно член 49 став (2) од Законот не ја исклучува обврската на службеното лице за почитување на одредбите од Законот кои се однесуваат на спречување и управување со судир на интереси.

Со член 73 и 75 од истиот Закон е предвидено пријавувањето на состојба на судир на интереси од страна на службените лица, како и нивно изземање во ситуации каде постои судир на интереси или потенцијален судир на интереси и тоа:
„Член 73
(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.
(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.
(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.“

„Член 75
(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Исто така, Државната комисија укажува дека лицето при вршењето на службените должности потребно е да го има во предвид и Начелото на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото

на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Заменик претседател**

**Софија Спасова Медарска**